ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS OF
CULTURE AND MUSEUM

STRUMICA

# SAMUEL'S STATE IN THE HISTORIC, MILITARY-POLITICAL, SPIRITUAL AND CULTURAL TRADITION OF MACEDONIA

Strumica
2015

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# САМУИЛОВАТА ДРЖАВА ВО ИСТОРИСКАТА, ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА, ДУХОВНАТА И КУЛТУРНАТА ТРАДИЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Струмица
2015

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР
Проф. д-р Илија Велев
М-р Васил Ѓоргиев - Ликин

КОРИЦА: прва страница - Димитар Кондовски, „Цар Самуил“, портрет (1984); четврта страница - Асеманово евангелие, детаљ (глаголски ракопис X-XI в.)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

94(495.02)”9/10”(062)
930.85(497.7)”9/10”(062)

САМУИЛОВАТА држава во историската, военополитичката, духовната и културната традиција : зборник на трудови. - Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2015. - стр. ; 21 см

ISBN 978-608-65524-6-6

а) Македонија - Културна историја - 10-11 в. - Собири б) Самуилово царство - Византија - Историја - 10-11 в. - Собири
COBISS.MK-ID 99205130

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА И ИСТОРИСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

ЕДИЦИЈА -  НАУЧНИ СОБИРИ

КНИГА 2

УДК 821.163.3-1.09

**М-р АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА**
СОУ „Димитар Влахов“– Струмица

# ЦАР САМУИЛ И МОТИВОТ БЕЛАСИЧКА БИТКА ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА – ДИЈАЛОГ МЕЃУ ИСТОРИЈАТА И ПОЕТИКАТА

На илјададагодишнината од Битката на Беласица и смртта на цар Самуил, се иницира прашањето за рефлексијата на овие значајни историски настани во современата македонска книжевност. Преку уметноста на зборот, македонските поети, прозаисти и драмски автори го актуализираат овој настан кој останал длабоко врежан во националната меморија на македонскиот народ. Овој труд во својот зародиш имаше тенденција да ги открие местата во современата македонска книжевна оставина, каде историјата станува литература која се чувствува преку стихот, се раскажува во прозата или се прикажува во драмата. Нашите истражувања почнаа со надеж дека во делата на современите македонски автори (поети, прозаисти и драмски писатели) ќе го детектираме мотивот за цар Самуил и за Битката на Беласица. Но, на наше големо изненадување, наидовме на обемен материјал кој нужно бараше да се постави рамка на истражување. Затоа како јадро на истражувачката работа ја поставивме современата македонска поезија од повоениот период, па сè до денес.

Во културната меморија на народите во светот останале врежани историски личности кои се издигнале на ниво на симболи и нивната судбина се перципира и се доживува како заедничка, колективна судбина. Современиот поетски дискурс во својот процес на матурација ги минува фазите во кои се потпира на историјата и културната меморија на македонскиот народ. „Културната меморија и историјата стануваат егзистенцијално јадро на новиот дискурс”[1] и како такви се вградуваат во темелот на современата поетска мисла. Мотивот кој е во фокусот на нашето внимание е застапен на секое поле во современата македонска книжевност. Најфреквентниот лајтмотив во литературната актива на нашите автори, кои го проблематизираат аспектот на ликовите-референти е ликот на цар Самуил, историска личност со силна рефлексија во македонската уметничка литература. Повикувајќи се на фактографијата, но и на народните легенди и преданија за историските личности и настани, авторите се посредници во дијалогот меѓу историјата и поетиката, а резултатот е самото книжевно дело. Цар Самуил и вистината за него и

[1]Borjana Prošev-Oliver, Kulturno pamćenje kao kulturni izazov, http://philologicalstudies.org/dokumenti/2013/Literature%20in%20intercultural%20context/24.tom2.rub.5%20Prosev%20Oliver.pdf

неговото царство, останале во свеста на Македонецот благодарение на усното пренесување низ песните и легендите, но и историските факти кои останале запишани во аналите. Надвор од сите различни толкувања за личноста на Самуил и неговото царство, за неговото политичко влијание и припадност, македонскиот народ изградил култ кон неговиот лик, обоен со боите на трагизмот. Македонецот го доживува Самуил не само како владетел и воин од едно дамнешно време, туку и како човек кој не можејќи да се соочи со болката од ослепувањето на својата војска, умира од тага.

За Самуил и за Битката на Беласица народот пеел и раскажувал со векови, но интересот за нивна реактуализација на книжевен план, започнува во првите децении на XX век кога Војдан Чернодрински, „човекот на два века”,[2] ќе ја напише историската драма „Слав Драгота” (1921). Силно инспириран од историските настани поврзани со Самуиловиот пораз и ослепувањето на неговите војници, Чернодрински низ призмата на трагиката, го гради сижето за тажната судбина на младиот војсководец Слав Драгота. Македонската драмска литература бележи значителен број наслови на дела кои како прототекст земаат мотиви од периодот на Самуиловото Царство, како на пример: историската трагедија „Владимир и Косара” (1967) од Стефан Таневски, драмата „Леандер и Косара” од Петре Бакески, драмата „Самуил”(1980) од Ѓорѓи Сталев, „Владимир и Косара” (1986) Костадин Кајдамов, како и неодамна објавената драма „Царот Владислав” од роднокрајниот струмички автор Борче Јанков, драма која претставува симбиоза на три слоја– историски, психолошки и религиозно-филозофски. Историската предлошка целосно кореспондира со ликовите, нивните карактери и дејства, а пораката зафаќа чисто човечка димензија.

Во прозата еклатантни примери се романот „Цар Самуил”од Драган Ташковски, романот „Цар Самуил” од струмичкиот писател Ѓорги Стоев, расказот „Симеон и Ивец” на Александар Прокопиев, расказ за двајцата Самуилови војници кои по поразот тргнуваат секој по својот пат, а нивната средба е можност за видување и прошка. Не можеме, а да не го спомнеме и творештвото на Блаже Конески со записот во проза Беласица. („Дневник по многу години”, 1988).

Светот би постоел и би опстанал и без поетите, материјалната страна не му е загрозена, но би бил духовно празен и „вечно гладен” за убав збор. Поетот е потсвеста на народот, на обичниот човек кој, свесен за сè што доживеал останува недоречен, бидејќи не може да ги достигне сферите каде поезијата владее со сиот свој раскош. „Поезијата ја презема улогата на колективна меморија и свесно ги бележи лузните на времето.

[2]Миодраг Друговац, Драмите на Војдан Чернодрински, во Војдан Чернодриндки - Одбрани дела, Мисла, Скопје, 1992,440

Писмото како меморија има магиска димензија: го чува запишаното и истото го открива во дијалог со соговорниците, читателите, потомците...”[3] Секое пишано дело егзистира во својот затворен свет, секоја песна е засебен простор во чии височини се издигнуваат пораките кои, како светлината низ прозорското стакло, се прекршуваат и се емитуваат во просторот.

Првите стихови во повоена Македонија инспирирани од Битката на Беласица како историски настан, се стиховите од поемата Четиринаесет илјади ослепени (1954) на Ванчо Николески, претставник на првата генерација повоени писатели за деца. Неодамна починатиот македонски филолог и палеолингвист Ташко Белчев, покрај научните трудови остави и книжевни дела кои допираат личности и настани од поблиската и подалечна македонска историја. Негово дело е и поемата Цар Самоил (1963), која од критиката е оценета како поема за деца со историско-воспитен карактер. Поема пишувана во духот на народната песна, проткаена со епска нарација во која се чувствува лирски набој поттикнат од силното патриотско чувство. „Дијалогот на современата македонска поезија со богатата народна основа и традиција ги прераснува рамките на еднолинејното подражавање или лексичко преземање во што со право може да се согледа една од суштествените претпоставки во создавањето на специфичниот и самостојниот поетски израз на новата македонска поезија“.[4] Таквиот оригинален и препознатлив поетски израз почна да го трасира својот пат со појавата на поетите кои се ослободија од грубото напластување стихови оптоварени со патриотизам и почнаа да ги градат песните по вертикала, допирајќи ги најдлабоките слоеви на фигуративноста на стихот.

Кога ангажираните стихови почнаа да навлегуваат длабоко во порите на поезијата, се појави поетот Анте Поповски кој нè хранеше со мислата дека „дури и ѕвездите шепотат македонски”, а чија поезија е „поетска митологија на земјата и историјата”.[5] Историските неправди, тажните судбини на угнетените и обесправените, маргинализацијата на т.н. „мали народи”, трагизмот на човекот воопшто, тоа се точките во неговата поезија кои ги препознава читателот како поттекст. Но она што ја прави поезијата на Поповски да звучи и значи со една сакрална вдахновеност, се местата каде што стихот „распукува” и на виделина, како отворен цвет излегува разголена раскошна метафора (Подвлеченото е наше, А.В.Р). Мислам на метафората Самуил во поемата Самуил (1963) чиста метафора без патетика, глорификација и патриотизмот

[3]Лидија Капушевска-Дракулевска, Born to be a poet, born to be –Богомил Ѓузел, во Проговори ли молкот, избрано песни од Богомил Ѓузел II, Скопје, 2010, 581-582
[4]Милан Ѓурчинов, Оглед за македонската поезија, во „Современа македонска книжевност“, Скопје,Мисла, 1983, 292.
[5]Георги Старделов, „Портрети профили“, Мисла, Скопје, 1987, 228.

како гласноговорник. Во неа е никулецот на каинавелството македонско, на себеуништувачкиот порив кој вриел во крвта на Македонецот, на проклетството на предавството, но истовремено во неа е коренот, изворот и исконот:

„Во ова царство на мажи и без цареви
Да му се поклонуваат сите на ножот
В раце што го стегаат овие црни беласици
И кории;

Со него сите очи да им се извадат
.......................................................
Да остане ова царство пусто
И само камен
Црн гол камен да се народи"
(Самуил)

„Совршените нешта во поезијата не изгледаат необично, тие се неизбежни",[6] констатира Борхес, а во поезијата на Анте Поповски токму неизбежноста ја прави песната совршена. Стиховите на нашиот голем родољуб инспирирани од историјата на неговата сакана татковина, едноставно требаше да бидат напишани за да станат наше неизбежно четиво. Самуил е метафора за македонскиот трагичен од низ невремето, синтагмите : „црн гол камен", „жилав корен", „црна и проклета земја", „длабок корен", „густи гранки", „луди ветришта и суводолици", се ластери кои се разгрануваат од именската вертикала на песната. Од стиховите на поемата силно одекнува одгласот на малиот човек, кој заробен некаде во светот на неговиот митски предок, сè уште не може да се доброи и да ги преболи „сите ориди и сите преспи". Обраќањето кон Самуил во насловот на поемата не е само препишување на име од историјата македонска, Самуил прераснува во парадигма за дијалогот на Македонецот со историјата која никогаш не била на негова страна. Во поемата дише историјата, забревтано и без чист воздух, бидејќи лирското јас на поетот ги собира сите на едно место, сите заедно „момци, црни мажишта, дечишта, чакали и орли" стуткани еден до друг, збиени на педа земја, да се пребројат и да направат царство. Поетот употребувајќи инвокација ги обединува времињата минати, сегашни и идни, со стихот забодува копје во земјата за да го означи центарот на светот, да посади семе за да изникне дрво, axis mundi (Оската на светот):

„....Луњи да кршат и да не го скршат
Земја да се тресе
И луди ветришта и суводолици

[6]Jorge Luis Borges, To umiječe stiha, Naklada Jesenski i Turk, Zagreb, 2001, 8.

-тоа да расте над нашата несреќа високо
-На него да се обесиме!"

Стиховите на Анте Поповски доени од изворот на македонските искони изобилуваат со една поетска густина создадена од зборови, подзаборавени, но наши, древни, старословенски. „Поезијата на Поповски просто води љубов со јазикот..Таа го предизвикува, го заведува, го искушува, го обликува, го прави: погорд, поисправен, подостоинствен..."[7] Всушност, авторот му парира на модерното време, но со една силна проникливост и порака дека модерната поезија може и треба да се гради на темелот на нашиот чист македонски јазик.

Тој пат во поезијата го одеше и Славко Јаневски, кој во книгата поезија „Евангелие по Итар Пејо", (1966) храбро се нурна во длабочините на црковнословенската лексика. Јаневски допира теми и личности од историјата, но не за да ги идеализира, туку да сугерира за она што не сме, а сме можеле да станеме. Задирајќи длабоко во лексичките сфери на јазикот Славко Јаневски, „тој вулкан од фантазија и лексичко богатство" (Б. Конески) го носи читателот до изворот на нашето македонско опстојување. Еден згуснат јазичен акварел кој откривајќи се пред читателот ги пресоздава боите на јазикот и ја прави песната наметливо колоритна. Целта на авторот не е да ја идеализира историјата или да го идеализира македонскиот род, напротив целта е да се слушне уште еднаш и уште стопати ако треба, дека ехото од минатото сè уште одекнува во душите на напатените Македонци. Стиховите од песната Слепци, (1014), од стихозбирката „Евангелие по Итар Пејо" се рефлексивни стихови со силна интимна нишка со корен длабоко во дамарите, каде се раѓа светото чувство за припадност кон една нација. Лирскиот субјект не се наметнува, само сугерира или опоменува дека не сме се излечиле од слепилото и дека еднооките нè носат до работ од бездната. Читателот се соочува со судбина слична на неговата, со рани длабоки како и неговите со очи кои ги има, но не гледаат:

„Со очи ги напоија своите ками
солза да не може да розга
од јами
слепци повеќе да има Самоиловата Брјачија..." (Слепци, 1014)

Основниот лајтмотив во песната е ослепувањето како колективна болка која и по илјада лета ја тревожи и обеспокојува душата на Македонецот. Ослепувањето доживеано како колективна лузна, која како длабоко заорана бразда останала врежана во генетскиот код на

[7]Кристина Николовска, Каде после последната поезија на Анте?, во „Македонскиот есеј", НИД ,Микена, Битола, 2008,413

Македонецот и по илјада години ја скомрази неговата душа. Лирското јас обраќајќи Ѝ се на земјата ќе ја нарече „земјо ништа со преимничко име", „земјо трновиден бокор.../ сета си ископано око/ во кое крвав дожд паѓа" Не знам дали стиховите: „Глаголи ми дали иногда и днес/во оваа Македонија/потомок слеп на слепецот се раѓа" се пророчка визија на лирското јас или пак очекуван епилог од една трагедија поставена на сцената на Балканот. Стиховите на Јаневски имаат моќ да погледнат во иднината, тие се пресликуваат од минатото како парадигма и судбина тие се „едно од највидовитите и истовремено едно од најпотресните литературни сведоштва за таа грозна и грозоморна игра со македонската национална судбина".[8]

„Гледањето – тоа е од најубавите чувствувања на светот, светлината – тое е првиот симбол на животот" – кажа во една прилика Блаже Конески, тој симбол е често податлив за анализа кај нашите автори, кои своите дела ги темелат на живата комуникација со историјата и традицијата. Ослепувањето во колективната меморија на македонскиот народ се доживува како траума која може да се толкува и како метафора од едиповски размери. Слепилото како судбина, како проклетство или опомена дека и со едно око можеме да ја поведеме земјата по патот кон светлото утре, но тоа слепило нѐ обележало и како народ. Во македонската поезија се среќаваат стихови во кои лирскиот субјект зборува во името на Самоиловите војници кои последни ја видоа светлината на царството.

Во далечната 1974 година излезе од печат стихозбирката „Око и меч" на роднокрајниот струмички автор Георги Барбаровски, а првата целина насловена, Воини од 1014, претставува еден вид исповед на оние кои мораа слепи да му се поклонат на големиот Самуил. Во деветнаесетте кратки „поетски експонати" како што тогаш ги нарече Гане Тодоровски, пишувани во духот на народната песна, се чувствува присуството на грозомората од трагедијата пред илјада години. Окото како сетило и слепилото како негова противтежа се во постојана потрага по изгубената светлина, секоја песна е градена врз основа на поставената антитеза око-слепило:

„ слепи нѐ подбраа/на слепите очи да вадиме"(Робово), „очите в неврат се однесени" (15), „таповрв меч на окото"(11), за да кулминира со една совршена синестезија во стиховите „ослепен слепилото им го слутам"(13).

Водата со својата прочистувачка моќ да ги измие крвавите рани и да ја врати светлината да не би Водоча: „ еј водо студеницо/со што во твоето бистооко/да го уловиме своето" (Водоча). Обраќањето на лирското јас кон читателот во исповедна форма е одлика и на песната

[8]Георги Старделов, Славко Јаневски (1920) или на живата стража на духот, во „Потрети и профили", Мисла, Скопје, 1987, 55

Водоча (Песна за еден војник на Цар Самоил) од Јован Котески („Пеплосија"1966) во која гласот на Самуиловиот војник е, всушност, гласот на напатениот македонски народ. Котески е само уште еден глас во „македонскиот поетски хор",[9] глас кој во дијалогот со времето пронаоѓа соговорник заталкан низ темните сокаци на историјата. И таму го пронаоѓа „последниот во Водоча, со очи", Самуиловиот војник, ја поетизира неговата судбина, издигнувајќи ја на ниво на општочовечка и универзална. Поетските слики во песната се морничави, прелевајќи се, го потопуваат брегот на историјата и како бран надоаѓаат до огништето каде престојува душата:

„…Отспроти,
последниот поглед ми се прикова за оштрицата
на мечот,
се припи за врвот од копјето
и згасна,
како жарче во полноќно доба што гасне..."
(Водоча)

Поистоветување на личната болка со историската, судбини толку оддалечени во времето, а толку блиски во суштината, поетовата и Самуиловата и една синестезија како врв на меланхолијата и морничавоста:„..слепата омраза – скротена во слепа сила/ ја приковаа во синџири..." Лирското јас на Јован Котески, одејќи низ патешествијата македонски во поемата Трагач стаса и до 1014 година, до Водоча и војниците. На тој пат низ невремето покрај сите други историски личности лирското јас подзастанува и во дијалог со Самуил фрла малку светлина врз мрачниот јули 1014 година. Родољубивото чувство се препознава во меѓустишието на поемата, иако макрокосмосот е многу поширок и попространзнан. Авторот е во исто време и родољуб, космополит, но и потомок растен под дебелата сенка на традицијата, па со клетвата како да сака да стави крај на маките:

„…плукнете им в лице на Византијците,
на вадиочите, речете им, арем тоа можете:
"Змиина помајка да ве клука!"
(Трагач)

По друмовите на историјата сè уште стојат засушените, засирени крвави траги, авторот распретувајќи ја брише прашината, ги расветлува ликовите давајќи им нов израз и полемизира со нив, иронично, подбивно, саркастично, но болно. Имагинарните монолошко-дијалошки сеанси се среќаваат и во поезијата на современиот македонски поет Радован Павловски, кој преку стихот им дозволува на историските личности да

[9]Радически, Науме, Поезија на страст и суптилитет, http://jovankoteski.blogspot.com/2008/06/1990_05.html

зборуваат во името на лирското јас, таква е песната Смртта на Самоил од стихозбирката „Низ проѕирката на мечот”(1971). Оригиналниот пристап на поетот кон историскиот момент силно сраснат со личното субјективно доживување, ја прави песната силно асоцијативна и моќна. Ликот на големиот владетел, во стиховите на Павловски е донесен на рамниште на универзален симбол на човековата трагика. Торжествени стихови со призвук на придушен ламент за пропаста на царството и смртта на големиот цар:

„…Зашто веста е кобна. Лето е
Кога секое царство за плодови се граби
Сега сѐ е сега-час на плач
Столетија минаа низ нас..” (Смртта на Самоил)

При интерпретацијата на стиховите на Радован Павловски читателот е обземен од моментот на колективното самочувство и секој минуциозен набљудувач ќе го засведочи тоа. Едноставно, реципиентот е соочен со една историска епизода која и по илјада години, живо се одигрува пред неговите очи, „историскиот податок се извишил над своето генеричко гнездо, добил универзална сечовечка смисла и значење”.[10]

Цар Самуил како трагична фигури во македонската историја беше инспирација за голем број македонски поети и затоа како мотив често се среќава во современата македонска поезија. Би го истакнале името на Јордан Даниловски во песната Клучење од збирката „Коба” во која Самуил и Василиј симболично се двете страна на клучалката, едниот го бара клучот, а другиот веќе ја отворил вратата за ослепените. Роднокрајните автори кои потекнуваат од Струмица и нејзината околина, се посебно интересни за анализа бидејќи во своите стихови многу често го актуализираат мотивот Самуил. Засилената циркулација на овој мотив на просторот околу планината Беласица, можеби би можела да се објасни со географската близина на местото каде се одиграла последната битка, но и сраснатоста на населението со легендите и песните за Самуил и неговата судбина. Во овој контекст би ги спомнале имињата на Васил Дрвошанов, Стојче Илиев Балкански, Никола Сарајлија, Петар Бачев, секој на свој начин, со автентичен стих му приоѓа на мотивот. Стојче Илиев Балкански, автор со обемна книжевна актива во песната Во оваа земја, преку стихот во форма на реторско прашање постигнува градација со нагорен интензитет кој го достигнува врвот и кулминира во последниот стих:„.. Дали она откај Преспа што ме буди,/плаче Самуило?”(Во оваа земја, „Чемери и веди”, 2000). Лингвистот и поет Васил Дрвошанов во својата песна Два портета, („Постапалка”,2001), апострофирајќи ја татковината ќе ја нарече „колевка на Самуил– живот негов”. Особено интересен пример е хаику

[10]Милан Ѓурчинов, Предговор во Радован Павловски, Поезија I, Наша книга, Скопје, 1986,26

поезијата на Никола Сарајлија во стихозбирката „Меѓи на сонот"(2009). Циклусот Меѓу сонот и ѕвездите во основата го има мотивот родољубие. Низ десетте кратки хаику тристишија, авторот во една екстрахирана форма ги опева најзначајните историски личности и вистини, а една таква вистина е престолот во Охрид. Многупати историјата цртала нови меѓи и тромеѓа на поделби на македонската почва, но тоа мало парче кое останало, дише и опстојува во меѓупросторот, на границата „меѓу сонот и ѕвездите".

Македонските поети кои проблематизираат теми и личности од историјата, на еден совршен начин епската нарација ја трансформираат во лирски строеж, со силна семантичка и фонетска основа. Слепилото (физичко и духовно), човековиот трагизам и неправдите, се основните точки околу кои гравитираат стиховите кои се оддек од едно далечно историско време. Непомирливоста и непреболот, не толку поради поразот, колку поради понижената и заклучувањето на портите од крепоста, останаа силна мотивација за генерациите и по илјада години.

**Литература:**

**Кирилични**

Историја на македонскиот народ, книга прва (од предисториското време до крајот на XVIII век), Институт за национална историја, НИП „Нова Македонија", Скопје, 1969.
Лидија Капушевска-Дракулевска. Born to be a poet, born to be –Богомил Ѓузел, во: Проговори ли молкот, избрани песни од Богомил Ѓузел II, Скопје, 2010, стр.575-592.
Георги Старделов, Потрети и профили, Мисла, Скопје, 1987.
Милан Ѓурчинов, Современа македонска книжевност, Мисла, Скопје, 1983.
Миодраг Друговац, Драмите на Војдан Чернодрински, во: Војдан Чернодрински - Одбрани дела, Мисла, Скопје, 1992.
Кристина Николовска, Каде после последната поезија на Анте?, во: Македонскиот есеј, НИД „Микена", Битола, 2008, 413-427.

**Латинични**

Jorge Luis Borges, To umiječe stiha, Naklada Jesenski i Turk, Zagreb, 2001.

**Електронски извори**

http://philologicalstudies.org/dokumenti/2013/Literature%20in%20intercultural%20context/24.tom2.rub.5%20Prosev%20Oliver.pdf
http://jovankoteski.blogspot.com/2008/06/1990_05.html

**Апликативна литература**

Георги Барбаровски, Око и меч, Алфа, Скопје, 1974.
Анте Поповски, Песни, Народна книга, Белград, 1977.
Јован Котески, Песни, Народна книга, Белград, 1977.
Радован Павловски, ПоезијаI, Наша книга, Скопје, 1986.
Славко Јаневски, Глуви команди, Мисла, Скопје, 1988.
Васил Дрвошанов, Постапалка, 2001.
Стојче Балкански, Чемери и веди, Дело, Скопје, 2000.
Стојче Балкански, Злост и слово, Макавеј, Скопје, 2002.
Петар Бачев, Македонска рапсодија, 2003.
Никола Сарајлија, Меѓи на сонот, Феникс, Скопје, 2009.

**Ana Vitanova Ringacheva MA**
**Secondary Municipal School "Dimitar Vlahov", Strumica**

## KING SAMUEL AND THE MOTIVE OF THE BELASICA BATTLE N THE CONTEMPORARY MACEDONIAN POETRY – A DIALOGUE BETWEEN HISTORY AND POETICS

### Summary

The historic events and persons that have left a deep trace in Macedonian history, have remained stamped into the cultural memory of Macedonian people and raised to the level of symbols into which the centuries-old tragizm of Macedonians is depicted. Contemporary Macedonian poetry rises as a poetic monument that survived because it was built on the foundations of motives and persons who were part of the history of our people. King Samuel and the Belasica battle are a powerful inspiration for contemporary Macedonian poets, they incorporate these into their poetry by creating verses that are profoundly reflexive and metaphoric. Thus composed, their verses remain direct witnesses about the centuries-old between history and poetics.

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ: САМУИЛОВАТА ДРЖАВА ВО ИСТОРИСКАТА, ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА, ДУХОВНАТА И КУЛТУРНАТА ТРАДИЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

За издавачот
М-р Зоран Рујак

Лектор
проф. д-р Снежана Веновска-Антевска

Превод од македонски на англиски јазик
Македонка Мацирова

Компјутерска обработка
Никола Новески

Печат
БМ – АБА доо, Струмица

Тираж
500 примероци

Печатењето на Зборникот на трудови *Самуиловата држава во историската, воено - политичката, духовната и културната традиција на Македонија* е помогнато од Министерството за култура на Република Македонија

Министерство за култура